**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-**

# З А П И С Н И К

**Од 152.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 14.06.2021 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ,Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова,м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Косана Мазнева Николиќ,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>Иле Тримчески-Одделение за човечки ресурси во МРТ. |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата состојба со Ковид кризата во државата,152.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 13:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои Дневниот ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 151.седница на Програмски совет на МРТ.

2. Разгледување на Програма за развој на нови програмски сервиси-Канал 103.

3. Разгледување на Информација по однос на Барањето со бр.17-3096/1 од 04.06.2021 година.

4. Разгледување на Информации по заклучоци од Програмскиот совет на МРТ и преглед за евидентирани фактури во делот на програмски права.

5. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 151.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 151.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 151.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
По извршеното гласање се констатира дека записникот од 151.седница на Програмскиот совет на МРТ е едногласно **усвоен** од Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 2: Разгледување на Програма за развој на нови програмски сервиси-Канал 103**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац посочи дека овој материјал по однос на Канал 103 го имавме како совет и предходно добиено на одлучување, и мислам дека тогаш најголем дел од членовите беше за давање поддршка на овој проект, заедно со добивање на сопствена фреквенција.Нашите дилеми тогаш беа дали имаме законска можност како совет да отвориме нов програмски сервис,затоа што во законот не е експлицитно утврдено како наше право и обврска, меѓутоа со Информацијата од Министерството за информатичко општество и Стратегијата за развој на нови програмски сервис на МРТ,имаме офоремно мислење дека сепак е во наша надлежност како Програмски совет на МРТ отварањето на нови програмски сервиси во МРТ. Претседателката со предлог да се почитуваат сите чекори на постапката за отварање на нов програмски сервис,ние добивме од дрикеторот барање и програма за развој на нови сервиси, и предлагам прво ние истите да ги препратиме до Надзорниот одбор на МРТ на нивно разгледување и давање мислење,па на наредни седници доколку постои можност да одлучува советот.
Членот Ристе Панов истакна дека со последните измени во 2018 година на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,Собранието ни ја укина таа можност да донесуваме нови програмски сервиси, и притоа не утврди кој во иднина како тело ќе ги има тие надлежности.Ние како Програмски совет на МРТ мора да ја црпиме од некаде таа надлежност за да можеме да носиме новие програмски сервиси,а во овој момент не гледам од каде би можеле,освен на некој начин да се предвиди во Статутот на МРТ како подзаконски акт.
Снежана Клинчарова посочи дека Петгодишната стратегија за развој на МРТ исто така помина предходно на Надзорен одбор на МРТ, каде е и утврден делот за Канал 103, исто така свесни сме дека овој проект има и голема поддршка од целокупната јавност во Македонија, и според сето тоа добро би било додека сме како тело уште во мандат, да ја завршиме оваа работа и деценискиот проблем за Канал 103.
Заменик претседателот на Програмскиот совет со став дека освен мислење и согласност од Надзорниот одбор на МРТ ќе биде потребно и мислење од Правната служба во МРТ, и добро е да се увиди тоа дека нашата надлежност во законот е тргната од некоја причина,и исто така како интересен го посочи делот во мислењето на Министерството за информатичко општество кај што вели дека одговорот содржан во мислењето на министерството нема правна сила на закон,така да ние имаме уште еден документ овој од Собранието на РСМ, кај што се вели дека Програмскиот совет на МРТ сега, односно членовите, не се со сила на носење акти.
После расправата по оваа точка беше предложен следниов Заклучок:
•Програмскиот овет на МРТ донесе заклучок да се побара правно мислење од правната служба на ЈП МРТ во делот на надлежностите на Програмскиот совет на МРТ за утврдување на бројот на програмки сервиси на МРТ, односно конкретно дали може Програмскиот совет да го донесе одлука за нов програмски сервис со кој ќе биде превземено радио „Канал 103“ и да функционира како посебен сервис.
Како насока за размислување можете да земете во предвид Мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација со број 03-2097/2 од 15.06.2020 година.
Исто така, насока за утврдување на надлежноста на Програмскиот совет за нов програмски сервис,може да биде со измени во Статутот на МРТ, каде избришантата надлежност во член

107 во став 9 во Законот за АВМУ која постоеше од 2013 до 2018 година: „ (9) За бројот на програмските сервиси од ставовите (1), (2) и (5) на овој член одлучува Програмскиот совет на МРТ по предлог на директорот на МРТ.“ . Значи истата претходна законска надлежност да се префрли во статутарна надлежност на Програмскиот совет, ако се има во предвид дека со измените законот не утврдил, односно има правна празнина во моментот за тоа кој е надлежен да предлага и да го утврдува бројот на програмски сервиси во МРТ. Затоа како варијанта може да биде со измените и дополнувањата на Статутот на МРТ за кои доколку се согласувате Вие можете да ги предложите како да гласат во делот за надлежностите на Програмскиот совет да се утврди и оваа надлежност.
Значи, бараме од вас како Правна служба конкретно и јасно, Вие стручно да го утврдите начинот и постапката како Програмскиот совет да го утврдува бројот на програмски сервиси, а со тоа и да отвори нов програмски сервис за радио „Канал 103“, независно од издржаноста која Вие треба да ја оцените на наведените насоки во овој допис.
-Заклучокот со 11 гласа За и 1 глас Против беше **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ

**ТОЧКА3:Разгледување на Информација по однос на Барањето со бр.17-3096/1 од 04.06.2021 година.**

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита повторно пред членовите барањето бр.17-3096/1 од 04.06.2021 година.
По оваа во врска со дописот од Војислав Доновиќ образложение даде Иле Тримчески од Одделението за човечки ресурси во МРТ,кој истакна дека се работи за техничка грешка и пропуст при изработката на Колективниот договор во МРТ, и притоа е испуштен коефициентот за сложеност на работнотот место Техничар 1 во Сектор логистика, најверојатно поради тоа што во тој момент кога се превземале коефициентите немало вработен на тоа работно место.
Во продолжение договорено беше по однос на оваа точка Одделението за човечки ресурси во МРТ да подготви документи по кои советот ќе постапи, и ќе го реши овој проблем.

**ТОЧКА 4:Разгледување на Информации по заклучоци од Програмскиот совет на МРТ и преглед за евидентирани фактури во делот на програмски права.**

По однос на оваа точка беше констатирано дека материјалите потребни за оваа точка беа пристигнати до Програмскиот совет на МРТ на 15 минути пред одржување на самата седница,па затоа беше одлучено истите да бидат на точка на дневен ред за наредната седница на советот.

**ТОЧКА 5:Разно.**

Членот на советот Гајур Рамадани со прашање како е состојбата по заминувањето на заменикот на Директорот на МРТ во пензија, и како понатаму до распишување на конкурс за нови директори дали нешто е предвидено во актите во ваков случај.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац со одговор дека освен конкурс друг механизам нема,но во овој случај ќе мора да се чека нов совет.

Седницата заврши во 13:40 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател